Gmail

# FW: Барање за слободен пристап на информација од јавен карактер

1 message

**contact@bitola.gov.mk** <contact@bitola.gov.mk>

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 28.04.2023
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност

**To:** contact@bitola.gov.mk
**Cc:** aspi@aspi.mk
**Subject:** Барање за слободен пристап на информација од јавен карактер

До одговорното лице во Општина Битола

Почитувани

Ве молиме за следната информација од јавен карактер:

Дали на сите цркви, верски заедници и религиозни групи , кои имаат недвижен имот во О. Битола во кои се врши богослужба, молитва и други манифестации на верата како храм, џамија, молитвен дом, синагога, гробишта и други простории на црква, верска заедница и религиозна група им се утврдува Решение за плаќање на данок на имот за горенаведениот недвижен имот кој се користи за горенаведените цели, од страна на Општина Битола?

Со почит

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Татјана Танчевска Петковска
Раководител на одделение за администрирање на приходи

Бр.11-62/2
02.05.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-62/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

02.05.2023г.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 03 -05- 2023
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност

**Сектор за финансиски прашања**
Одделение за администрирање на приходи

---

До
Сектор-за правно-нормативни,административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Предмет:Известување

Во врска со Ваше барање бр.11-62/1 .Ве известуваме дека има даночно ослободување според Законот за даноците на имот . Тоа е опфатено во член 8 точките 4 и 5 каде е детално посочено.

Прилог:Извадок од законот за даноците на имот
точките 4 и 5.

03.05.2023

Раководител
Одделение за Администрирање
приходи
Татјана Танчева Петковска

## Даночни стапки

### Член 6

(1) Стапките на данокот на имот од членот 3 на овој закон се пропорционални и изнесуваат од 0,10% до 0,20%.

(2) Стапките на данокот на имот можат да се утврдуваат според видот на имотот.

(3) Стапките на данокот на имот за земјоделско земјиште кое не се користи за земјоделско производство можат да се зголемат од три до пет пати во однос на стапките пропишани во ставот (1) на овој член.

(4) Висината на стапките од ставовите (1) и (3) на овој член со одлука ја утврдува советот на општината.

(5) Висината на стапките од ставовите (1) и (3) на овој член со одлука ја утврдува советот на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје согласно со Законот за градот Скопје.

## Настанување на даночна обврска

### Член 7

Даночната обврска за данокот на имот настанува со денот на стекнувањето на имотот, издавањето на одобрение за употреба на недвижниот имот од надлежен орган или од денот на отпочнување на користењето на имотот од обврзникот на данокот.

## Даночни ослободувања и олеснувања

### Член 8

Данок на имот не се плаќа на:

1)недвижен имот во државна сопственост кој го користат државните органи, недвижен имот во сопственост на општината кој го користат органите на општината, органите на општините во градот Скопје и органите на градот Скопје, освен недвижниот имот кој се користи од страна на физички или правни лица;

2) недвижен имот на странски дипломатски и конзуларни претставништва и на претставништва на меѓународни организации, ако се во нивна сопственост,под услов на реципроцитет;

3) недвижен имот во сопственост на Народната банка на Република Македонија;

4) зградите и земјиштето кои се во сопственост на верските заедници;

5) деловните згради и деловните простории кои служат за вршење на дејноста на обврзникот, освен административните згради и административните простории;

6) недвижности кои согласно со закон се прогласени за културно наследство;

7) објекти за заштита на земјиштето, водите и воздухот;

8) станбените згради во селските населби во ридско- планинските подрачја што ќе ги определи Владата на Република Македонија;

9) објектите на претпријатијата за работно оспособување, професионална

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-62/4
03.05.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот поднесено на **година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 Дали на сите цркви, верски заедници и религиозни групи кои имаат недвижен имот во Општина Битола во кои се врши богослужба, молитва и други манифестации на верата им се утврдува решение за плаќање на данок на имот од страна на Општина Битола?**(детален опис на барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-62/1
2. Допис до Одделение за администрирање на приходи со бр. 11-62/2 од 02.05.2023
3. Одговор од Одделение за администрирање на приходи со бр. 11-62/3 од 03.05.2023

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 03.05..2023 година, под бр. 11-62/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk